**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Маја Ќурчиева<br>Тел. 3093-403, Факс. 3093-420 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | ноември 2009 |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

- Недоволно изградени капацитети за извозна промоција, која се одвива парцијално во различни институции;
- Недоволна конкурентност на регионално и меѓународно ниво со производи и услуги со повисока додадена вредност;
- Извоз на произоди од традиционалните индустрии со цената како примарен двигател на конкурнтноста;

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

- Формирање на нова Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија
- Соединување на активностите за промоција на инвестициите и промоција на извозот на РМ во една Агенција, заради поефикасно реализирање на стратешкиот приоритет на Владата на РМ за 2010 година “зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа...”
- допрецизирање на структурата и мандатот на членовите на Управниот одбор заради поефикасно фунционирање на овој орган на Агенцијата.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

- Министерство за економија,
- Министерство за финансии,

- Агенција за странски инвестиции на РМ,
- Дирекција за технолошки развојни индустриски зони,
- Секретаријат за европски прашања на Владата на РМ,
- Секретаријат за законодавство, и
- Кабинет на Заменик Претседателот на Владата на РМ, Владимир Пешевски

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Владата на Република Македонија на 21-та седница одржана на 18.08.2009 година по точката 44 го задолжи Министерството за економија "да подготви измени на Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на РМ во смисла да се прошири нејзината надлежност, и да биде и за странски инвестиции и за промоција на извозот и да се зголеми бројот на заменички места".

Министерството за економија формира Работна група која оцени дека е најдобро да се формира нова Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, која ќе ја замени сегашната Агенција за странски инвестиции и ќе ја прошири својата надлежност со делот за промоција на извозот.

Во подготовка на Законот, Работната група ги имаше во предвид:

- Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија ("Сл. весник на Р Македонија" бр.37/04 од 14.06.2004 година)
- Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија ("Сл. весник на Р. Македонија" бр.81/08 од 07.07.2008 год), и
- измените и дополнувањата на Законот предложени од: Министерството за економија, АСИРМ, УСАИД , Министерството за финансии и деловната заедница.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Во подготовка на Законот Министерството за економија ги користеше сопствените ресурси, ресурсите на преставниците на Работната група и техничката помош на УСАИД.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијалната проценка на влијанието на регулативата се изврши во рамките на Работната група а четвртата фаза од Методологијата *Подобрување* ќе ја вршат АСИПИРМ и Генералниот секретаријат, со ангажирање на надворешни консултанти.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Меѓуресорска група составена од претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии, Агенцијата за странски инвестиции на РМ, Секретаријатот за европски прашања на Владата на РМ, Секретаријатот за законодавство и Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на РМ, Владимир Пешевски

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   Септември 2009

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   Да, за изготвување на Стратегијата за промоција на извозот.
   Рок: во текот на 2010 година

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   ноември 2009

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Човечки ресурски - Претставници од меѓуресорската група составена од погоре наведените институции и АСИПИРМ
Финансиски ресурски – не